РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 03-621/1
24.09.2025 год
Струмица

Друштво за трговија, градежништво и услуги ИНВЕСТИНГ
Бр. 03-049/1
01.10.2025 год.
увоз-извоз ДООЕЛ РАДОВИШ

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ
## Вршење стручен надзор над градба: Стар Театар Струмица
## Оглас бр.15842/2025

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А.** Национална Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица со седиште на ул. 27 Март број 2 во Струмица, Република Македонија, **ЕМБС 4081528** застапуван(о) од в.д.директор Бранко Ѓоргиев (во понатамошниот текст „Договорен орган“) од една страна,

и

**Б.** ГРУПНА ПОНУДА: **БАР Е.Ц.Е. ДООЕЛ увоз извоз Скопје** (ЧЛЕН НА ГРУПАТА) и **Друштво за трговија, градежништво и услуги ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Радовиш** (НОСИТЕЛ НА ГРУПАТА) со седиште на ул. „Свети Спасо Радовишки“ бр. 96 во Радовиш, Република Македонија со даночен број: 4027001129520 и матичен број: 5494389, застапуван(о) од Сусинов Кирчо (во понатамошниот текст „**Носител на набавката**“) од друга страна.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со вршење стручен надзор над реализација на проектот за изведба и довршување на Стар Театар, а кои произлегуваат од склучувањето на овој договор за јавна набавка на услуга после спроведената поедноставена отворена постапка бр: **15842/2025** согласно прифатената листа на цени (финансиската понуда) што е составен дел на овој договор.

**ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Целта на овој договор е набавка на услуга за надзор над градба: Театар во Струмица согласно прифатената листа на цени (финансиската понуда) за потребите на Договорниот орган.

**Член 3**

Носителот на набавката гарантира квалитет на извршената услуга согласно условите во тендерската документација, како и важечките прописи, правила и стандарди.

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**
**Цена**

**Член 5**

Вкупната вредност (финансиската рамка) на договорот за надзор над изведба на градба наведени во член 1 од овој договор, изнесува **3.477.600,00** (три милиони и четиристотини седумдесет и седум илјади и шестотини) денари без ДДВ.
Износот на ДДВ од 18% е изразен посебно и изнесува денари 625.968 (шестотинидваесет и пет илјади деветстотинишеесет и осум) денари или **СЕ' ВКУПНО: 4.103.568,00 денари**.
Процентот за вршење на стручен надзор изнесува 2.5% од вредноста на работите за изведба на Театар во Струмица.

**НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 6**

Начинот на плаќање е периодично, по фактура во износ од 2.5% од износот на заверени времени ситуации на изведувачот, во рок од 60 дена од приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган. Фактурата се доставува заедно со доставувањето на времени и завршна ситуација потпишани од надзорниот орган.

Плаќањето ќе се одвива во три буџетски години односно ќе се извршува во 2025 година, 2026 година и 2027 година согласно Одлука на Владата.
Начинот на плаќање е задолжителен.

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на Договорниот орган
- Број и датум на Договорот
- Количини со опис на услугата
- Единечна договорна цена на секој од елементите
- Вкупни цени по елементи
- Вкупна цена на фактурата
- Пресметка за ДДВ
- Валута на плаќање
- Уредно заверени и претходно писмено одобрени од страна на договорниот орган, месечни извештаи за извршениот надзор

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ

**Член 8**

При реализација на договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Времетраењето на овој Договор претставува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни.
Договорот се склучува за период од 36 месеци сметајќи од денот на склучувањето, во кој период влегува рокот од 24 месеци за реализирање на градбата.

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 10**

Носителот на набавката треба да врши стручен надзор при изведба на градба „Стар театар во Струмица“ на **КП 3774/1 КО Струмица** . Надзорниот орган во цело време на изведбата на работите треба да биде присутен на локација и врши контрола на работењето на изведувачот, квалитетот на материјалите, документацијата и други работи согласно закон кој ја уредува предметната материја
Носителот на набавката е должен предметот на договорот опишан во член 1 од овој Договор да ги заврши во **рок од 24 месеци**, сметано од наредниот ден од денот на воведување во работа на Носителот на набавката.
Рокот за вршење на стручен надзор се продолжува само доколку се продолжи рокот за изведба или во случај на раскинување на договорот за изведба, се' до повторен избор на изведувач.
Во случај на раскинување на договорот со изведувачот, доколку надзорниот орган не сака да го продолжи времетраењето на договорот, должен е да достави писмено барање за еднострано раскинување на договорот за услуги со приложен пресек на изведените работи и во тој случај плаќањето за извршените услуги- надзор ќе се врши пропорционално на вредноста на извршените работи споредено со вкупната вредност на договорот за изведба.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 11**

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни Носителот на набавката да му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна), ако:

*- не ја исполни својата обврска,*
*- задоцни со нејзиното исполнување*

**Член 12**

Договорната казна изнесува 1‰ (промил) од вкупната договорена цена на услугите за секој ден задоцнување ако извршувањето на услугата не се врши непречено, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на услугите.

**Член 13**

Во случај на неисполнување на обврската, Договорниот орган може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.
Договорниот орган го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.
Во случај да се задоцни со извршување на обврската, Договорниот орган може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата во времето и на местото предвидени со овој договор.

1. При вршење на надзорот задолжително се назначуваат инженери со овластување А кои ќе бидат присутни на терен во времетраењето на изведувачките работи согласно потребата и динамиката на извршување на соодветните фази. Во надзорот треба да бидат вклучени инженер- архитект, градежен инженер, машински и електроинженер.
2. Носителот на набавката е должен во име на Договорниот орган, да го воведе во работа Изведувачот, а за тоа да состави записник и да го констатира во градежниот дневник.
3. Да утврди дали учесниците во изградбата ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања согласно Законот за градење;
4. Секојдневно да ја контролира работата на изведувачот;
5. Да врши проверка, контрола и одобрување на квалитетот на материјалите и опремата вградени во градбата, како и потребните сертификати за градежните материјали согласно Законот за градење и останатите стандарди и нормативи од областа;
6. Да врши проверка дали изградбата се врши согласно проектната документација и другите услови утврдени со Законот за градење и други закони.
7. Да ја извршува работата редовно, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и Законот за градење, како и сите закони и прописи кои би имале практична примена при извршување на овој предмет на услуги, како и соодветната изменета регулатива која ќе биде во примена во текот на реализацијата на договорот.
8. Редовно да ги следи и контролира изведувањето на предметните работи во поглед на квалитетот и квантитетот, согласно проектната документација и динамичкиот план на работите и според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведување на овој вид услуги;
9. Да учествува на редовните консултативни состаноци помеѓу изведувачот и инвеститорот;
10. Да го запознае Договорниот орган и надлежниот градежен инспектор за сите недостатоци односно неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник;
11. Редовно да врши контрола и заверка на градежниот дневник, кој го води изведувачот;
12. Редовно да врши контрола и заверка на градежната книга, која ја води изведувачот, да ги контролира количините на изведените работи врз основа на извршените снимања (мерења) на количините кои ќе служат за подготовка на времените месечни ситуации, односно подготовка на завршна ситуација;
13. Должен е при изведба на објектот да биде во контакт со Изведувачот заради разрешување на евентуално настанати непредвидени работи појавени во текот на изведбата;
14. Редовно да ги прегледува, контролира количините на извршените работи во времените месечни ситуации и завршната ситуација, врз основа на извршените снимања (мерења) на количините и податоците од градежната книга и градежниот дневник и да ги потпишува времените месечни ситуации и завршната ситуација, составени од изведувачот;
15. Да изготвува и доставува месечни извештаи за извршениот надзор;

16. Да изготви и достави Завршен извештај за извршениот надзор со Изјава дека објектот е изграден согласно градежно- техничката и проектната документација и истиот може да се стави во употреба;
17. Да врши надзор се’ до целосното завршување на објектите;
18. Да врши надзор при изведба на дополнителни, непредвидени или вишоци на работи;
19. Да ги изврши и сите други активности кои се предвидени согласно важечките законски регулативи во Република Северна Македонија;

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

**Член 15**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по извршувањето на услугата/ите во рок од 60 (шеесет) дена од денот на доставувањето на фактура од страна на носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.
Договорниот орган е должен најдоцна во рок од 7 работни дена од денот на склучувањето на овој договор, во писмена форма да го извести носителот на набавката за денот и часот на воведување во работа за што се составува посебен записник.
Договорниот орган е должен да го воведе носителот на набавката во работа и да му ја стави на располагање целокупната релевантна техничка документација.

**ОБЕШТЕТУВАЊЕ**

**Член 16**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.
Кога една од страните нема да ја исполни својата обврска или ќе задоцни со нејзино исполнување, другата договорна страна има право на надомест на штета што ја претрпел поради тоа.
Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштена корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.
Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.
Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.
Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 17**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради што не била известена на време.

**Член 18**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 19**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција прифатлива за договорниот орган.
Висината на банкарската гаранција изнесува 5 (пет) % (проценти) од вкупната сума на договорот со ДДВ, наведена во член 5 и изнесува **205.178 денари**.

Носителот на набавката е должен најдоцна во рок од 10 (десет) работни дена од денот на потпишување на овој договор да ја достави банкарска гаранција од став 1 на овој член, неотповиклива, непреносива и наплатива безусловно на прв писмен повик, со рок на важност до целосно реализирање на договорот. Недоставување на банкарската гаранција, од став 1 на овој член, во предвидениот рок, претставува причина за раскинување на договорот и објавување на негативна референца од страна на Договорниот орган.

**Член 20**

Договорниот орган ќе пристапи кон наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, во следните случаи:

- Ако Носителот на набавката не го почитува договорениот рок за извршување на услугата определен во член 9;
- Во случај на раскинување на договорот по вина на Носителот на набавката и

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното извршување на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Носителот на набавката е должен да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 21**

Кога една од страните нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета што ја претрпел поради тоа.

**Член 22**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската не подолг од:

а) 5 (пет) работни дена кога се работи за административни (формални) пропусти;

б) 10 (десет) работни дена доколку се работи за суштински пропусти во извршувањето на услугата;

Без дополнителен рок кога рокот е суштинска состојка на исполнувањето на обврската, кога од однесувањето или од околностите е очигледно дека исполнувањето нема да се случи, или постои непосреден ризик од безбедност/сигурност.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 23**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 24**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 25**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна со приложување на писмена изјава за раскин на договорот.

Договорот ќе се смета за раскинат по приемот на писменото известување од ставот 1 на овој член.

**Член 26**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 27**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 28**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.
Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.
Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.
Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.
Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 29**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

**ВИША СИЛА**

**Член 30**

Кога исполнувањето на обврската на едната договорна страна во Договорот, станало невозможно поради вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред пристигнувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна (виша сила), обврската на другата страна се гасне, а ако оваа целосно или делумно ја исполнила својата обврска, може да бара тоа да и се врати според правилата за стекнување без основ.
Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.
Договорните страни која е спречена заради Виша сила да ја исполни обврската која произлегува од овој Договор, должна е во рок од 2 (два) дена писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 31**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Договор.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 32**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 33**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред Основен суд Струмица.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 34

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено и во согласност со член 119 од Законот за јавните набавки, тендерската документација и Законот за облигационите односи.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

### Член 35

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на овластените лица на договорните страни.

**Договорен орган** **Носител на набавката**

Составни делови на овој Договор се :
а) Технички спецификации
б) Финансиската понуда на Носителот на набавката

Branko Gjorgiev

Digitally signed by Branko Gjorgiev
DN: C=MK, OU=VAT - 4027984106130, OID.2.5.4.97=NTRMK-4081528, O=Zavod za Zashita na Spomenici na Kulturata i Muzej Strumica, SERIALNUMBER=233900, T=ovlasteno lice, SN=Gjorgiev, G=Branko, CN=Branko Gjorgiev
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2025.10.14 13:32:05+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.0

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

## ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ – ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ИЗВЕДБА – РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ДОВРШУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ СТАР ТЕАТАР СТРУМИЦА

Опис на услугата: Надзор на изведба на проект за довршување на Стар Театар Струмица

Единица мерка: Процент од вредноста на изведување на работите согласно склучен договор со изведувач.

Вредноста на склучениот договор за изведување на работите изнесува 139.104.000 денари без вклучен ДДВ.

При вршење на надзорот задолжително се назначуват инжинери со лиценци А согласно Законот за градење, кои секојдневно ќе присуствува на терен во времетраењето на градбата се до завршување на објектот. Во надзорот треба да бидат вклучени : Инжинер - архитект, градежен инжинер, машински инжинер, електроинжинер.

Надзорот треба да се врши редовно, совесно и стручно во согласност со важечките закони и прописи. Задолжително е доставување на редовни месечни извештаи до Договорниот орган како и задолжително се врши проверка над изведбата дали истата е согласно проектот. Редовно да врши преглед и контрола градежниот дневник и книга. Да одобрува и потпишува времени ситуации или завршни времени ситуации кои ги составува изведувачот. Да изготви завршен извештај за извршениот надзор.

Носителот на набавката е должен во име на Договорниот орган да го воведе во работа Изведувачот за што составува записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

Да учествува на редовни консултативни состаноци помеѓу изведувачот и инвеститорот.

Објектот Стар Театар Струмица согласно претходниот изведувач и стручен надзор и последната времена ситуација како и проект на изведена состојба е завршен околу 60% со тоа што останува да се доврши целосно проектот. Во прилог е рекапитуларот на работите и опремата што треба да се изведуваат до завршување.

| |
|---|
| ВНАТРЕШНА ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА |
| ВНАТРЕШНА ХИДРАНТСКА ИНСТАЛАЦИЈА |
| ВНАТРЕШНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА |
| САНИТАРНИ УРЕДИ |
| БЕТОНСКА ЛИНИСКА РЕШЕТКА |
| ВКУПНО ХИДРОТЕХНИЧКИ ИНСТАЛАЦИИ |
| ТЕРМОТЕХНИКА ГРЕЕЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА |
| КОТЕЛСКА ПОСТОЈКА |
| ТОПЛИНСКА ПУМПА |
| КЛИМА КОМОРА |
| КАНАЛИ ЗА ОТСИСНА ВЕНТИЛАЦИЈА И ВЕНТИЛАЦИЈА НА САНИТАРИИ |
| ЦЕВНА МРЕЖА, РАДИЈАТОРИ И ФЕНКОЈЛЕРИ |
| ПРОТИВПОЖАРНО ОДДИМУВАЊЕ |
| МАШИНСКА ПРОСТОРИЈА |
| АВТОМАТИКА |
| ДРУГИ ПОТРЕБИ ЗА ИЗВЕДБА |
| ВКУПНО ТЕРМОТЕХНИКА ГРЕЕЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ИНСТАЛАЦИИ И ОПРЕМА |
| СКС ОПРЕМА |
| СИСТЕМ ЗА ПРИЕМ И ДИСТРИБУЦИЈА НА РТВ СИГНАЛ |
| СИСТЕМ ЗА ТЕХНИЧКА ЗАШТИТА ОД КРАЖБА |
| СИСТЕМ ЗА ВИДЕО НАДЗОР |
| СИСТЕМ ЗА ОПШТО ОЗВУЧУВАЊЕ И ДОЈАВА |
| АНАЛОГ-АДРЕС. СИС. ЗА АВТОМ. ДЕТЕКЦИЈА И ДОЈАВА НА ПОЖАР |
| ВКУПНО ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ИНСТАЛАЦИИ И ОПРЕМА |
| СЦЕНСКА МЕХАНИКА И УПРАВУВАЊЕ |
| ФИКСНИ МАШИНСКИ КОНСТРУКЦИИ |
| СЦЕНСКА МЕХАНИКА ДОЛЕН ПОСТРОЈ |
| СЦЕНСКА МЕХАНИКА ГОРЕН ПОСТРОЈ |
| ИНСТАЛАЦИИ НА ЕЛЕКТРОМОТОРЕН ПОГОН НА СЦЕНСКА МЕХАНИКА - УПРАВУВАЊЕ |
| УРЕДУВАЊЕ НА СЦЕНА - ФУНДУС |
| ВКУПНО СЦЕНСКА МЕХАНИКА И УПРАВУВАЊЕ |
| АУДИО И ВИДЕО СИСТЕМИ |
| АУДИО СИСТЕМ ЗА СНИМАЊЕ И РЕПРОДУКЦИЈА ВО САЛАТА |
| СИСТЕМ ЗА ТЕХНИЧКИ КОМУНИКАЦИИ |
| СИСТЕМ ЗА ВИДЕО ПРОЕКЦИЈА |
| СИСТЕМ ЗА ЈАВЕН ТВ ПРЕНОС |
| РЕГАЛИ И ЦЕВКИ |
| РАЗВОДНА ТАБЛА ЗА АУДИО ВИДЕО СИСТЕМ |
| ВКУПНО АУДИО И ВИДЕО СИСТЕМИ |
| ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ |

## Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 15842/2025 објавен од страна на Национална Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Струмица, за Стручен градежен надзор за реализација на проект за изведба и довршување на Стар Театар Струмица, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71521000 -6 | Услуги за стручен надзор над изградба и довршување на објект Стар Театар Струмица | Процент | 1,00 | 2,50 | 2,50 | 0,45 | 2,95 |
| | | | | **Вкупно** | 2,50 ден | 0,45 ден | 2,95 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **2,50** (**два денари и педесет дени**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **0,45** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*